**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКАТА ТЕХНИЧКА ПОМОШ ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА 2014- 2020

**(за период 2018 - 2019 година)**

мај, 2019

Петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020

**Содржина**

1. Вовед .......... 3
2. Активности во однос на Акцискиот план за спроведување на техничка помош (АПТА 2018) .......... 4
3. Активности во однос на Акцискиот план за спроведување на техничка помош (АПТА 2019) .......... 6
4. Планирани активности од АПТА за 2019 година .......... 8

## 1. Вовед

Мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020 во програмата е утврдена како Мерка 9, со која се опфаќа техничка помош за успешна реализација и спроведување на програмата. Мерката е акредитирана во 2015 година. Со неа се покриваат трошоци поврзани со: подготовка, управување, следење, евалуација, административна поддршка, информација и комуникација, вмрежување, контрола и ревизорски активности. Правен основ за уредување на мерката Техничка помош произлегува од член 2, став (1) од регулативата 236/2014 на Европскиот парламент од 11 март 2014 година и член 22, став (1) и анекс 4 од ИПАРД секторската спогодба. Финансиската подршка е уредена преку листата на прифатливи трошоци за оваа мерка, а начинот на спроведувањето на мерката е уреден преку меморандум за соработка потпишан од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (Тело за Управување со ИПАРД) и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

## 2. Активности во однос на Акцискиот план за спроведување на мерката „Техничка помош“ (АПТА 2018)

Акцискиот план за планирани активности согласно мерката „Техничка помош“ за 2018 година (АПТА 2018) беше усвоен од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД по пат на пишана процедура во мај 2018 и истиот претставува основен плански документ за активностите на одделението за спроведување на мерката „Техничка помош“.

Во АПТА 2018 беа планирани набавки со вкупна вредност во висина од 312.493 евра и тоа:

- Трошоци за организирање на третиот „Комитет за следење на ИПАРД Програмата“ во висина од 2.450 евра;
- Трошоци за Превод на ИПАРД програмата, во висина од 7.000 евра;
- Трошоци набавка на канцелариски материјали, во висина од 2.395 евра;
- Трошоци за одржување и надградување на интернет страницата, во висина од 1.500 евра;
- Трошоци поврзани со посети и семинари, во висина од 19.648 евра;
- Трошоци поврзани за "Стекнување на вештини" за подготовка на потенцијалните лагови за спроведување на мерката "Спроведување на локалните стратегии за рурален развој - ЛИДЕР пристап", во висина од 14.900 евра;
- Трошоци за подготовка на Програмски мерки и спроведување на мерките, во висина од 97.200;
- Трошоци за Проценка на ИПАРД Програмата, во висина од 138.900 евра.

При реализација на планираните активности, се утврди потреба од **две изменувања** на планот и тоа: **првата измена** се одобрени по пат на пишана процедура од страна на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на 18 септември 2018 година, со која се опфати

1. организирање на два состаноци за Комитетотот за следење на ИПАРД (четврти и петти) и

2. промена на проценетата вредност на "Екс пост-евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013" од 138.900 на 90.000 евра;

**Втората измена** се одобри на третиот Комитет за следење на ИПАРД оддржан на 4 декември 2018 година и опфати

1. бришење на сите планирани постапки за кои постапката на набавка нема да започне во текот на 2018 година и

2. набавка за реализација на патување во Брисел на покана на Европската комисија.

Во период опфатен со овој извештај одделението за спроведување на мерката „Техничка помош“ согласно планираното реализираше 5 набавки, отпочна две постапки, а една постапка за набавка, по успешно спроведување, беше откажана поради кратките временски рокови за реализиција.

Во мај 2018 година, одделението за спроведување на мерката „Техничка помош“ спроведе постапка за набавка на организација на третиот Комитет за следење на

ИПАРД Програмата. Набавката беше спроведена според постапката под 2.500 евра. Оваа набавка е во целост реализирана и исплатена од страна на ИПАРД Агенцијата.

Во мај 2018 година, одделението за спроведување на мерката достави барање за учество во тендерска постапка придружено со комплетна тендерска документација за набавка „Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020“. Оваа активност произлегува од индикативниот документ АПТА 2017. Во јули 2018 се спроведе проценка на пристигнатите понуди, по што во ноември 2018 се потпиша договор со избраната компанија 3Д Проjект Студио. Во 2018 година започна реализирањето на „Кампањата за публицитет“ преку печатење на дел од материјалите за публицитет и одржување на првата работилница во Струмица со која се приближија ИПАРД можностите до потенцијалните корисници. Кампањата е предвидено да трае 18 месеци и продолжува активно да се спроведува и во 2019 година. Оваа набавка се спроведе со поедноставена постапка.

Во јули 2018 година, започна спроведувањето на набавката за одржување и надградување на постоечката интернет страницата на Телото за управување „www.ipard.gov.mk“. Од добиените три понуди се избра понудата на компанијата Бивас медија груп дооел и по потпишувањето на взаемниот договор во септември 2018 година, интернет страната www.ipard.gov.mk. се надгради и тековно се оддржува. Оваа набавка се спроведе со постапка под 2.500 евра.

Во декември 2018 година, по спроведена набавка за канцелариски материјали во постапката под 2.500 €, со компанијата Култура 2000 се потпиша договор и во јануари 2019 година бараните материјали се доставија до ТУ. За оваа набавка веќе е поднесено барање за исплата до ИПАРД Агенцијата од страна ТУ.

Во декември, по добиена покана за учество во работилница во Брисел од страна на Европската Комисија, се реализираше набавката на авио билети и хотелско сместување на тројца вработени од Телото за управување. Работилницата се оддржа со работен наслов: „Подобрување на спроведувањето на мерката Техничка помош“. Оваа набавка се спроведе со постапка под 2.500 евра.

Исто така, во декември 2018 година беше доставено барање за учество во тендерска постапка пропратено со комплетна тендерска документација за набавката „Проценка на ИПАРД Програмата 2007-2013“.

Во декември се поднесе барање за користење на средства и истите беа одобрени од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за набавките:

1. Превод на ИПАРД програмата, и

2. Проценка на ИПАРД Програмата 2007 – 2013.

## 3. Активности во однос на Акцискиот план за спроведување на техничка помош (АПТА 2019)

На 4 декември 2018 година Акцискиот план за планираните активности од мерката за техничка помош (АПТА) за 2019 година беше одобрен од Комитетот за следење на ИПАРД.

Во АПТА 2019 беа планирани набавки со вкупна вредност на набавките во висина од 257.584 евра и тоа:

- Трошоци за организирање на петтиот и шестиот состанок на „Комитетот за следење на ИПАРД Програмата“ во висина од 13.860 евра;
- Трошоци поврзани со посети и семинари, во висина од 19908 евра;
- Трошоци за подготовка на Програмски мерки и спроведување на мерките, во вкупна висина од 98.316 евра;
- Трошоци за Проценка на ИПАРД Програмата, вкупна висина од 87.900 евра и
- Трошоци за подготовка на Програмски мерки и спроведување на мерките, во вкупна висина од 37.600 евра.

При реализација на АПТА 2018 и динамиката на спроведување на активностите за реализација, одделението утврди потреба од упростување на АПТА со оглед дека истата е од индикативна (планска) природа, а во себе содржи премногу информации. За таа цел, Телото за управување со ИПАРД испрати барање за поедноставување на Акцискиот план за мерката техничка помош (АПТА) до НАО. По одржан состанок за измена на документите на ИПАРД Агенцијата кои се однесуваат на АПТА, во мај доставен е документ до НАО, со кој се уредува упростениот изглед на АПТА. Оваа активност е во крајна фаза и се очекува усвојување на новиот АПТА документ.

"Кампања за публицитет" се спроведува согласно динамиката на објавување на јавни повици за поднесување на барање по мерките од ИПАРД Програмата. До мај 2019 одржана е работилница во Тетово, ИПАРД инфо денови во неколку општини, а настаните се збогатени со материјали за публицитет (упатства за корисници, брошури, банери и сл).

Во јануари по добивање на една понуда за „Проценка на ИПАРД Програмата 2007-2013“ Комисијата за евалуација, во вид на извештај, даде препорака за доделување на договор со понудувачот. Извештајот е доставен до ИПАРД Агенција и се чека негово одобрување. Оваа набавка се спроведе со поедноставена постапка.

Во февруари започнаа и активностите за спроведување на набавката за организирање на состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД. Комисијата за евалуација, во вид на извештај, даде препорака за доделување на договор со понудувачот. Извештајот е доставен до ИПАРД Агенција и се чека негово одобрување. Оваа набавка се спроведе со сингл тендер постапка.

По реализирање на активности за набавка за "Организирање на работен семинар за подобрување на спроведувањето на мерката Техничка помош" (набавка под 2.500 евра) во месец април беше оддржана работилница во Струмица. Предмет на оваа работилница беа документи и процедури на ТУ и ИПАРД Агенцијата преку кои се спроведува мерката „Техничка помош“. За оваа активност поднесено е барање за исплата од страна на ТУ. Оваа набавка се спроведе со постапка под 2.500 евра.

Во тек се и активности за реализација на набавка за превод на ИПАРД Програма 2014-2020. Тендерското досие е одобрено и покана за учество во тендерска постапка е испратена до компаниите.

## 4. Планирани активности од АПТА за 2019 година

По одобрување на упростениот изглед на индикативниот плански документ, Телото за управување ќе достави барање за прво изменување на АПТА 2019. Изменувањето се

наметна како потреба со цел да се одразат промените во формата и да се вметнат набавки за:

- ОРБИС систем за проверка на капитална поврзаност на компании надвор од државата, а кои се баратели на финансиски средства од ИПАРД фондови;
- Утврдување на цена на стандардизирани трошоци на инвестиции за градежни активности;
- Обука на одделението за ТП за набавки по ПРАГ правила;
- Набавка на канцелариски материјали потребни за работа на Телото за управување;
- Набавка за зголемување на капацитет на поштенско сандаче на корисниците на домејнот ipard.gov.mk.